# <u>Извештај за годишната ревизија за 2020</u>

Служба за внатрешна ревизија
Обезбедено за УСЈЕ од страна на функцијата ВР при Групацијата Титан


| | |
|---|---|
| Извештајот го подготвил: | Димитрис Валсамопулос<br>Менаџер на Внатрешна ревизија, Југоисточна Европа и Турција<br>Внатрешна ревизија во Групацијата ТИТАН |
| Датум на издавање: | 23.02.2021 |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНАТА РЕВИЗИЈА НА УСЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА

## А. Вовед

Независната функција на Внатрешната ревизија (ВР) на Групацијата ТИТАН ги обезбеди услугите за внатрешна ревизија за *УСЈЕ*. Согласно актуелната организациска табела на Групацијата ТИТАН, Директорот на ревизијата на Групацијата поднесува извештаи до Одборот за ревизија при Групацијата ТИТАН, како и административно до Генералниот директор на Групацијата ТИТАН.

Во однос на деловната единица *УСЈЕ*, главната цел на функцијата Внатрешна ревизија при Групацијата ТИТАН е да му достави на Одборот на директори на *УСЈЕ*, како и на Одборот за ревизија при Групацијата ТИТАН независно и објективно мислење во однос на управувањето со ризици, внатрешните контроли и системите за корпоративно управување преку проценка на нивната ефективност во постигнувањето на деловните цели на Компанијата.

Покрај ова, Внатрешната ревизија нуди и советодавни услуги на барање на генералниот директор на *УСЈЕ* или на барање на регионалното раководство на ТИТАН.

## Б. Налози на Внатрешната ревизија за 2020

Како резултат на КОВИД-19 пандемијата и наметнатите ограничувања, моравме да направиме измени на нашиот План за годишна ревизија за 2020. Наместо планираната Следење на ревизијата на Процесот на пакување, ние спроведовме налог за ревизија на локалната функција Набавки при *Цементарница УСЈЕ АД Скопје*. Ревизијата се изведе на далечина од Атина.

*Забелешка: Следењето на Процесот на пакување е планирано да се изведе во текот на 2021.*

**<u>SEET 20-08 Ревизија на набавки</u>**

Главната цел на ревизијата беше да се осигура дека внатрешните контроли се соодветни и придонесуваат за ефективноста и ефикасноста на процесот на Набавки.

Главните цели од ревизијата се наведени подолу (точките кои се оценуваа и потврдуваа):

- Набавките се изведуваат во согласност со Прирачникот за набавки на Фабриката/ Групацијата и согласно упатствата.
- Тендерите се спроведуваат во согласност со горенаведеното и нивната обработка се изведува на ефикасен начин.
- Налозите за набавки се пропратени со релевантни формулари и одобренија.
- Обработката на налозите за набавки се врши навремено и ефикасно.
- Постои соодветна распределна на задачите и обврските помеѓу функциите Набавки, Должничко конто и Конто на побарувања

Се уверивме дека Системот за внатрешна контрола на процесот на набавки во *УСЈЕ* е соодветно изведен, соодветно се спроведува и функционира согласно очекувањата и во согласност со стандардите на Групацијата Титан. Иако нема интегриран ERP систем /Систем за планирање на ресурси на претпријатието/ како на пример SAP, процесот е добро организиран и следен.

Беа утврдени одредени слабости кои им се предочија на раководството и се договорија односни поправни дејствија.

## В. Општо мислење

Врз основа на гореспоменатите налози за внатрешна ревизија спроведени во текот на 2020 година, дојдовме до заклучок дека Системите за внатрешна контрола во *УСЈЕ*, во однос на функцијата која подлежеше на ревизија/преглед се добро изведени со цел соодветно да се управуваат главните ризици и да се постигне усогласеност со законската регулатива и внатрешната рамка кои се во сила.